ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **19.07.2021 година** во 08:00 часот во Голема Сала на општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски,** Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков,** Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски,** Раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски,** Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски**, Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски,** Советник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска,** Советник за просторно и урбанистичко планирање **Иван Велиновски** и Советник – одговорен сметководител **Марија Златановска**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум при што беа донесени следните заклучоци:

**<u>Секретар</u>**

Отсутен од колегиум

**<u>Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој</u>**

Од страна на Раководител на Сектор за општи и правни работи,финансиски прашања и локален економски развој беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната

-Да се ангажираат два проценители од Општина Крива Паланка за проценка на земјиште за парцели наменети за депонија за градежен шут и тоа да се направи до 31.07.2021 година.

-Да се разгледа извештајот од внатрешната ревизија и да се применат препораките кои носат подобрување на функционалноста и работата на општината.

-Да се организира прием за гости од Словенија за донација на возило за ТППЕ.

-Тековни активности

**Одделение за финансиски прашања**

Од страна на Советникот-сметководител Марија Златановска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Во нареден период да се направи координација со Раде Николовски околу извештајот од внатрешна ревизија.

-Да се забрза доставата на решенија за данок на правни субјекти во координација со Миле Марковски најдоцна до 25.07 да се раздолжат сите доставници.

-Во координација со Емил Денчевски да се следи наплатата на данок на имот и континуирано да се водат постапки за побарувања за да не дојде до нивно застарување, а не тоа да се прави само пред крајот на фискалната година.

-Да се доставува редовен месечен преглед на уплати за користење на спортски објекти.

-Тековни активности

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се поднесе ново барање за пешачка патека по стара вада и да се повлече старото.

-Да се направи увид и да се започне со уредување на јавни површини кај паркинг просторот зад Пакет маркет и кај Соларски Мост по издавање на Согласност за тековно одржување во текот на оваа недела.

-Да се направи налог на фирма за проектирање за следниве проекти:

Канализација за делови во с. Конопница од Домот кон пилана и Трнци, да се разгледа можноста за проектирање водовод Вирови-Грамаѓе, проектирање дел од ул. „Ристена Гогова“ како и др.проекти согласно програма за изработка на техничка документација.

-Да се обезбеди тековно одржување за асфалтирање на крак од ул.Лозановска

-Да се надмине проблемот со одобрение за градење за пат Мез.Ливади со вкрстување со цевковод на ГАМА во координација со Урбанизам и Еуророад Дизајн.

-Лабино да изврши собирање на остатоци од асфалт од крпење на ударни дупки и да почне со реконструкција на ул.Херој Карпош.

-Да се понуди решение со проектантите за канализацијата над Кадиска Чешма.

-Да се повикат лицата во четврток за експропријација за Мезовски Ливади.

-Целокупната проектна документација пред издавање на одобрение за градба задолжително да се разгледува интерно помеѓу претставници на Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура и Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина( Никола, Кире, Маја, Иве), за да не се враќа на доработка кај проектанти.

-

-По враќање на скипот од Кратово да се даден налог за работа во маала Кујдунци и во с.Борово.

-Да се изврши крпење на сечен асфалт од инсталации на Комуналец.

-Да се понуди техничко решение за чешма на Градски плоштад.

-Тековни активности

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Од страна на Советникот за просторно и урбанистичко планирање Иван Велиновски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Во координација со Никола Граматиков да се одредат две локации за прочистителни станици лев и десен брег и да се почне постапка за техничка документација.

-Да се провери дали може да се постави тротоар на улица Херој Карпош.

-Да се финализира со постапката за издавање одобрение на патот с.Кркља.

-Да се дефинираат локации за 3000 садници кои ќе ги добиеме од Мен енд Маунтаин

-Да се продолжи со одобрувањето на патот во Мизовски Ливади, фирмата ЕУРО-РОАД дизајн да изработи елаборат за заштита на премин на пат преку гасовод (во координација со Никола Граматиков).

-Да се понуди решение за градежно земјиште за Интерпал кај Треска.
- Да се организира транспортот на користени шини од Куманово до Кр.Паланка
-Тековни активности

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија Антонио Давитковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се дефинира Програма за Културно лето 2021 година со датуми и активности.

-Да се задолжи Јасмина Ангеловска за изготвување на преглед на ученици кои треба да користат превоз со физичко присуство.

-Да се поставаат банери на првата страна на веб околу програмата за антикорупција и постапките за јавни набавки.

-Да се отпочне со постапката за објава на повик за изработка на студија за ЈПП за градски Базен во координација со Биљана, Маја, Миле и Никола.

-Тековни активности

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Отсутен од колегиум

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Од страна на Советник за јавни набавки и водење седници на совет Биљана Тасевска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се продолжи постапка за јавна набавка за регулација на Куков Дол, а финансирањето да биде со средства од Буџетот, а на Совет да се донесе Одлука за поништување на претходната одлука.

-Да се разгледа можноста за ЈПП за градски базен во координација со ЈП Комуналец, Одд.за урбанизам и комунална инфраструктура

-Раководителот на општи и правни работи во координација со раководител на ЛЕР да организираат коктел за пензионирани колеги

-Да се стави точка на дневен ред за преземање на водовод во с.Станци и предавање на Комуналец.

-Тековни активности

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

-Од страна на Раководителот за испекциски надзор беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Инспекциските служби да излезат на терен во нас.Мизовски Ливади и Крстата Падина да видат кој има поднесено барање за приклучок во колекторскиот систем, во спротивно да се даде и да се опоменат за незаконско испуштање на фекални води.

-Комуналните редари да извршат контрола за отстранување на огревно дрво од јавните површини и тротоари.

-Тековни активности

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Од страна на Директорот на ЈП Комуналец, Миле Марковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се направи план за старите контејнери кои ќе бидат повлечени и на кои локации ќе има потреба за истите.

- Да бидат вратени доставниците од решенијата за данок до крајот на месецот.

- Да се интервенира за поставување на контејнери во нас.Лозаново и собирање на смет кај бараките до станица за Технички преглед на моторни возила и да се постави контејнер.

-Да се забрза со хортикултурно уредување на градскиот парк

-Да се финализира со канализацијата на Цонев Рид.

-Да се забрза постапката за приклучување на водовод во с.Луке.

-Тековни активности

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Од страна на Директорот на ЛУ Градски музеј, Драган Величковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се дефинира Програма за Културно лето 2021 година со датуми и активности.

-Тековни активности

**<u>Генерални заклучоци за сите одделенија</u>**

**19.07.2021 година, Крива Паланка**
**Изготвил:  Клара Стевановска**